
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ



СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Излегува по потреба	Број 54	17.04.2025 год.

ЈЕГУНОВЦЕ, АПРИЛ 2025

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2025 год.

Се прогласува Заклучокот за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2025 год, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 17.04.2025 год.

Бр. 09-914/1
17.04.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и „Сл.весника на РСМ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 32 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весникна РМ„ бр.61/04), Советот на Општина Јегуновце на педесетичетвртата седница одржана на ден 17.04.2025 год. донесе

З А К Л У Ч О К

За усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2025 г.

1. Се усвојува финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2025 г.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-895/3
17.04.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за усвојување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2025 година

Се прогласува Одлуката за усвојување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2025 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 17.04.2025 год.

Бр. 09-914/2
17.04.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 22 став 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр.202/24) и член 21-а став 1 точка 11-а од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на педесетичетвртата седница одржана на ден 17.04. 2025 год., донесе

О Д Л У К А

За донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2025 год.

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2025 год.

Член 2

Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2025 год. од член 1 се составен дел на оваа Одлука и истиот не се објавува во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-895/4
17.04.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Желино

Се прогласува Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Желино, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 17.04.2025 год.

Бр. 09-914/3
17.04.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 4 став 3 и член 7 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ„ бр.79/09), член 14 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Република Македонија„ бр.5/02 и„Сл.весник на РСМ„ бр.202/24), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце, Советот на Општина Јегуновце на педесетичетвртата седница одржана на ден 17.04.2025 год. донесе

О Д Л У К А
за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Желино

Член 1

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Желино.

Член 2

Меѓуопштинска соработка од член 1 на оваа одлука ќе се остварува преку вршење на определени работи од страна на една општина за друга општина и тоа инспектор од областа на градежништвото, инспектор од туристичка и угостителска дејност и просветен инспектор.

Член 3

За остварување на меѓуопштинската соработка ќе се склучи договор помеѓу двете општини претставувани од градоначалниците за вршење на определени работи од страна на една општина за друга општина, во смисла на одредбите од член 9 став 2 алинеа 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ„ бр.79/09).

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

Бр.08-895/5
17.04.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за определување на месечен надоместок за членови на Советот на Општина Јегуновце за присуство на седница

Се прогласува Одлуката за определување на месечен надоместок за членови на Советот на Општина Јегуновце за присуство на седница, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 17.04.2025 год.

Бр. 09-914/4
17.04.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр.202/24), а во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија(„Сл.весник на СРМ„ бр.36/90,и „Сл.весник на РМ„бр.38/91,23/97,37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09,42/10, 97/10, 161/10, 11/12, 145/12, 70/13, 139/14, 233/18 и „Сл.весник на РСМ„ бр.51/23, 65/23 и 51/24), Советот на Општина Јегуновце на педесетичетвртата седница одржана на ден 17.04.2025 год. донесе,

О Д Л У К А
За определување на месечен надоместок на членови на Советот на Општина Јегуновце за присуство на седница

Член 1

Со оваа Одлука се определува месечен надоместок на членовите на Советот на Општина Јегуновце за присуство на седница на Совет.

Член 2

Месечниот надоместок за присуство на седници на Совет без оглед на нејзиното времетраење се утврдува во износ од 40% од просечната месечна нето плата во РСМ исплатена за претходната година.

Месечниот надоместок на членовите на Совет на Општина Јегуновце за присуство на седници на Совет изнесува 16.495 денари.

Член 3

На Претседателот на Советот на Општина Јегуновце за раководење и организирање на работата на Советот надоместокот во член 2 на оваа Одлука се зголемува за 30% и ќе изнесува 21.443 денари.

Член 4

Месечниот надоместок од член 2 на оваа Одлука за присуство на седница на Совет се исплатува за присуство на сите седници на Советот од тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот се намалува за 30% за секое отсуство на седница на Совет.

Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седница нема да се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржи седница.

Член 5

На членовите на Советот на Општина Јегуновце ќе им се исплати надоместок за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници, вработени во општинската администрација на Општина Јегуновце.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ а ќе се применува од Април 2025 год.

Член 7

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката на Совет бр.08-738/4 од 18.04.2024 („Службен гласник на Општина Јегуновце„ бр.37/2024).

Бр.08-895/6
17.04.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Сл.весник на РСМ,, бр.202/24), а согласно член 109 став 4 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ бр.161/2019, 229/2020 и 3/2025), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 08.04.2025 год., донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување од функцијата Вршител на должност директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница

1. **Деан Трпески** се разрешува од функцијата в.д. директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница заклучно со 08.04.2025 год., поради предходно објавен јавен оглас и спроведена постапка за избор на директор, а од Училишниот одбор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница, донесена е предлог-одлука за кандидат за директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница.

2. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението од Градоначалникот на Општина Јегуновце за именување в.д. директор бр.09-358/1 од 13.02.2025 г.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

О б р а з л о ж е н и е

Деан Трпески со Решение на Градоначалникот на Општина Јегуновце бр.09-358/1 од 13.02.2025 г. беше именуван за в.д. директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница со мандат од 6 месеци.

На Деан Трпески в.д. директор на ООУ„Симче Настовски„ од с.Вратница му престанува функцијата в.д. директор заклучно со 08.04.2025 г., поради предходно објавен јавен оглас и спроведена постапка за избор на директор, а од Училишниот одбор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница донесена е предлог-одлука за кандидат за директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница.

Од погоренаведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Јегуновце до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр.202/24), член 48 од Законот за установите („Сл.весник на РМ„ бр.32/05,120/05 и 51/11), а во согласност со член 115 став 14 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ бр. 161/2019, 229/2020 и 3/2025), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 09.04.2025 год., донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување Директор на
ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница

1. **Деан Трпески** се именува за Директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница.

2. Мандатот на именованиот директор од точка 1 на ова Решение почнува да тече од 09.04.2025 год. и ќе трае 4 години, а за тој временски период работното место наставник по Македонски јазик во албански паралелки во ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница ПУ с.Јажинце, ќе му мирува.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 09.04.2025 год., а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр.202/24), член 48 од Законот за установите („Сл.весник на РМ„ бр.32/05, 120/05 и 51/11), а во согласност со член 115 став 14 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ" бр.161/2019, 229/2020 и 3/2025), Градоначалникот на Општина Јегуновце на предлог на Училишниот одбор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница бр.0202-108/2 од 28.03.2025 г., донесе Решение како во диспозитивот.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Јегуновце до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2025 г. 1

2. Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2025 г. 2

3. Решение за прогласување на Одлуката за усвојување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2025 год. 3

4. Одлука за усвојување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2025 год. 4

5. Решение за прогласување на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Желино..... 5

6. Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јегуновце и Општина Желино..... 6

7. Решение за прогласување на Одлука за определување на месечен надоместок на членови на Советот на Општина Јегуновце за присуство на седница 7

8. Одлука за определување на месечен надоместок на членови на Советот на Општина Јегуновце за присуство на седница 8

9. Решение за разрешување од функцијата вршител на должност директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница 10

10. Решение за именување Директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница 11